MACEDONIAN

The Easy Recycling Guide

Како одлично да преработувате отпадоци

# Прирачник за лесно рециклирање на отпадоци





our environment it's a living thing

## 4 совети како одлично да рециклирате отпадоци

Со рециклирањето на отпадоците се заштедуваат купишта суровини кои инаку би се фрлале на депонии.

**Австралијците сакаат да рециклираат.**

**Всушност, ние сме една од најдобрите нации во светот за рециклирање. Меѓутоа, рециклирањето на отпадоците може да биде тешко – затоа, еве неколку совети што да направите за тоа да ви биде малку полесно.**




### 1. Распределувајте ги СИТЕ отпадоци!

Едноставно е. Со распределување на СИТЕ работи кои можат повторно да се преработат, правиме се што е во наша моќ за да ја зачуваме природната околина.




### 2. Одбивајте да користите пластични кеси

Секоја година Австралијците користат и фрлаат околу 6 милијарди пластични кеси! Ниту една од тие кеси нема да се распадне додека сте вие живи - ниту пак може да ја ставите во кантата за отпадоци за преработка, која ја празнат од улица.

Всушност, ако ставите само една кеса во вашата канта, сите отпадоци пропаѓаат! Затоа, држете ги понастрана од кантите за отпадоци за преработка.



**Практични совети**

- Кога одите на пазарење, понесете сопствена кеса, и чувајте една во автомобилот, или во акт-чантата, и никогаш повеќе нема да се најдете во незгодна ситуација затоа што немате кеса.

**Практичен совет**

Измијте ги отпадоците за преработка кога ќе завршите со миењето садови.



### 3. Нека бидат чисти!

Отпадоците наменети за рециклирање не се ѓубре - затоа постапувајте со работите кои ги ставате во кантата за отпадоци за рециклирање така како што би сакале да ги добиете - чисти! Ако ставате нечисти работи тоа значи дека можеби нема да ги примат. Тие исто така може да привлечат штеточинки и може да бидат многу непријатни за работниците во фабриката за сортирање.

**Извадете ги капачињата!**

Капачињата не се направени од истиот вид на пластика како шишињата: тие не можат да се преработуваат.

Затоа извадете ги и ставете ги во ѓубрето.



### 4. Купувајте ги повторно

Да се биде добар во рециклирање е една работа, меѓутоа можете да станете извонредни во тоа ако купувате работи направени од рециклиран материјал (тоа значи ***closing the loop*** (затворање на кругот)).

Кога пазарите, купувајте безалкохолни пијалоци во пластични шишиња, детергент и шампон во амбалажа; картонски опаковки и кутии; алуминиумски и челични лименки/конзерви; тоалетна хартија; хартија за фотокопирање, пластични цевки, канти за компост (ѓубре) и други производи, во чиј состав има рециклиран материјал.







Симболи кои треба да ги барате: 'Recycled content' ('Рециклиран состав')

# Решавање на проблеми во врска со рециклирање




**Одговори на проблеми во врска со рециклирањето.**

## Пластични шишиња?

Кои пластични шишиња можете да ги рециклирате?

Одговорот е едноставен: Повеќето општини ги собираат пластичните шишиња со симболите 1, 2 и R. Многу општини исто така земаат шишиња со симболите 3, 4, 5, 6 и/или 7. Проверете во вашата општина.

## Кутии од пица?




ПРАЗНИТЕ картонски кутии од пица може да се рециклираат, затоа ставајте ги во кантата за рециклирање на хартија.

## Храна?



Сите кутии во кои се уште има храна не треба да се рециклираат: прво измијте ја кутијата и ставете ја храната во кантата или во компостот.

## Пластични кеси?



Леле ама колку брзо заборавате! Веќе рековме дека пластичните кеси се НАЈЛОШИОТ вид на загадувачи.

Никогаш не ги ставајте во вашата канта за отпадоци за преработка!

## Скршено стакло, глинени садови, огледала?



Не! Само стаклени шишиња и тегли кои можат да се рециклираат.

Скршеното стакло треба внимателно да го ставите во кантата за ѓубре.

## Канти од боја?




Само ако се празни и суви, без капаци.

## Масло?

Маслото за мотори може да се рециклира, повеќето центри за преработка на отпадни материјали имаат постројки каде што можете да го однесете.

За повеќе информации јавете се на Информативната линија за зачувување на природната средина (Environment Line) на 131 555.





## Шприцеви?

Шприцевите не можат да се рециклираат, тие мора да се фрлаат во посебни канти за шприцеви. Не ставајте шприцеви во кантата за отпадоци за преработка.



# Како да правите нешто повеќе од рециклирање!

## Користи го повторно, Сем!

Дури и со рециклирање, ние се уште создаваме премногу ѓубре.

Помогнете и на природната околина уште повеќе со тоа што повторно ќе ги користите работите колку што можете повеќе пред да ги ставите во кантата.







Стаклените шишиња, весниците и теглите, картонските кутии, пластичните шишиња за пијалоци, сите овие можат да се користат за многу работи во домаќинството.



## Пренасочете се на 'паметно пазарење'




Преминете од хемиски средства за чистење на природни, поекономични алтернативи, на пример, сода бикарбона и оцет.

Преминете на купување на ангро. Зошто да купувате дузина мали кутии, кога можете да купите една голема кутија и да заштедите $$$?




Преминете од преработена/конзервирана храна на свежо овошје и зеленчук.

Тие доаѓаат во нивната природна амбалажа, како што ги витка природата!



За повеќе информации телефонирајте во Department of Environment and Conservation (NSW) (Оддел за еколошки работи и заштита на природната средина (Нов Јужен Велс)) на 131 555

Department of
**Environment and Conservation (NSW)**
www.environment.nsw.gov.au

our environment it's a living thing

ISBN 1 74137 643 2 2006/256 Отпечатено на рециклирана хартија